ФИРЕНЦА и РИМ

28.11 - 01.12.2026 / 26.12 - 29.12.2026



429€

26 598 ден

Авионски превоз

3 ноќи
+трансфер
+ разгледи

Со појадок

ФИРЕНЦА И РИМ 4 ДЕНА / 3 НОЌИ – АВИОНСКИ ПРЕВОЗ

ФИРЕНЦА - Италијанската Атина, град со некои од највредните културно-историски споменици во светот. Внатрешноста на многубројните цркви, палати и галерии крие цел универзум на врвни дела од визуелната уметност. Првиот голем успех како град на уметноста Фиренца го доживува во XV век, за време на доминацијата на семејството Медичи, кога е родена и ренесансата.

РИМ - Сите патишта водат во Рим, срцето на Италија, Вечниот град или „Caput Mundi", град создаден како свет за себе. Неговата историја долга 3.000 години ја обликува природата на Рим, создавајќи единствена целина каква што не може да се најде никаде на друго место во светот. Да се посетат Римскиот амфитеатар – Колосеумот, Фонтана ди Треви, Шпанските скали, Пантеон или квартот Трастевере е задолжително – инаку би било како воопшто да не сте го посетиле овој вечен град.

1 ден

Состанок на групата на аеродромот во Скопје два часа пред време за лет. Полетување за Рим во 17:10 часот, слетување во 18:55 часот (ноември и декември 15:55-17:40). Следува организиран трансфер до Фиренца. Сместување во хотел. **Ноќевање.**

2 ден

Појадок. Организиран панорамски разглед на Фиренца со посета на следниве културно-историски знаменитости: Piazza della Signoria – главниот плоштад, прошетка по Piazza del Duomo – плоштадот со катедралата, Piazza San Lorenzo, Museo Davide – музеј со познати скулптури, Piazza Santa Maria Novella, црквата San Trinita, Ponte Vecchio – историскиот мост и Pitti Palace. Трансфер до Рим, патувањето трае околу 3 часа со кратки паузи. Сместување во хотел.. **Ноќевање.**

3 ден

Појадок. Организиран разглед на Рим: Piazza del Popolo – познат плоштад со три порти, Via del Corso – главната пешачка улица, Fontana di Trevi – прочуената фонтана, Pantheon – античкиот храм, Piazza Venezia – централниот плоштад, Piazza Navona – барокен плоштад, и Колосеумот – најпознатиот римски амфитеатар. Враќање во хотел. **Ноќевање.**

4 ден

Појадок. Поаѓање за Ватикан – посета на плоштадот Свети Петар, Ватиканските музеи и замокот Sant'Angelo. Трансфер до аеродром во Рим. Полетување за Скопје во 18:20часот, пристигнување во 20:05 часот (ноември 16:20-18:05).

Во цената се вклучени следниве услуги:

- Авио билет на релација Скопје-Рим-Скопје со Wizzair
- Аеродромски такси
- Бесплатен рачен багаж 40x30x20 cm
- 3 ноќевања со појадок во хотел со 3*
- Организиран превоз со автобус од аеродром до хотел и обратно
- Организирани панорамски разгледи според прогармата
- Организација на патувањето и придружник од Агенцијата
- Туристичка такса

Во цената не се вклучени следниве услуги:

- Сè што не е наведено во програмата
- Влезници за музеите и другите културно - историски споменици
- Влез во Ватикан без водич
- Препорачуваме 1€ на ден од возрасно лице како бакшиш за агенцискиот претставник.

Важна напомена:

1. Авиокомпанијата може да го промени времето на поаѓање и пристигнување.
2. Во програмата е направена проценка во однос на запирањето, но доколку има застои во сообраќајот или застои предизвикани од друга причина, сите запирања може да не се направат. Возачот на автобусот има законски ограничено работно време.
3. Оваа програма е економична. Хотелите не се во централно подрачје на градовите. Името на хотелот се дава 1-2 дена пред тргнување.
4. Организаторот на патувањето го задржува правото за измена на програмата пред или за време на турата, без претходно известување до патниците, поради виша сила или други настанати околности.

Општи услови:

- Плаќањето е задолжително во денари (1€ = 62 ден)
- За ова патување потребен е валиден биометриски пасош со важност 90 дена од крајниот ден на патувањето
- Краен рок за откажување на аранжманот од страна на агенцијата: 7 дена пред патување
- За резервација задолжителна уплата од 100%
- Можност за откажување на аранжманот 15 дена однапред, со задржување на 50% пенали
- Откажување помалку од 15 дена пред патување: 100% пенали
- Промена на име на патникот може да се направи до 7 дена пред патување со доплата од 170 €
- Цените за влезници во објектите може да претрпат промена и не се загарантирани
- Редоследот на разгледувања во програмата може да се промени поради временски услови, гужва во сообраќајот или договор со патниците
- За овој аранжман важат општите услови на патување на Фибула Ер Травел